Доника Џемајли

Отпорот на малцинствата

Примерот на Косовските Албанци во Кралството СХС



Клучно прашање

1. До која мера Албанците на Косово не го прифаќале Кралството СХС?
2. Во која мера државата ги прифаќала Албанците од Косово?

Тема

Овој модул говори за правата и барањата на малцинствата во Кралствоpo СХС. Незадоволството на косовските Албанци и нивниот отпор кон Кралствоpo СХС, желбата за обединување со Албанија или еднаква вклученост во политиката, општествениот живот во кралството, се контроверзна историска тема која секогаш побудува емоции. Модулот го вклучува периодот 1912 – 1930 година.

Оваа тема е одбрана со цел учениците да научат и разберат со какви предизвици се среќавало албанското малцинство во минатото.

Цели:

- Критичко разбирање за сложеното минато
- Разбирање на албанското национално прашање
- Подршка на учениците во разбирањето на причините за отпорот
- Развивање на историска свест

Очекувани резултати

- Препознавање на барањата и незадоволството на Албанците од Косово во Кралството СХС
- Споредување и анализа на различни видови на отпор
- Вреднување и оценување на историски збиднувања
- Поврзување на причините и последиците во историските збиднувања, како националните проблеми и предизвици, како и недовршените приказни

Упатство за наставници

90 минути

Чекор 1

Наставникот исцртува временска лента на таблата и од учениците бара по хронолошки ред да ги сортираат материјалите предвидени како вовед

Чекор 2

Врз основа на материалите секој ученик изработува краток историски преглед

Чекор 3

Дискусија

Чекор 4

Наставникот формира 5 групи, дели материјали и во исто време на учениците им доделува и прашања. Секоја група има посебни прашања

- Група 1 – Позицијата на Кралството СХС
- Група 2 – Нелегална опозиција
- Група 3 – Легална опозиција
- Група 4 – Албанска држава
- Група 5 – Постапки на Косовските Албанци

Чекор 5

Учениците работат во групи. Читаат материјали и се подготвуваат за образложување на своите одговори. Во текот на овој период, наставникот ги надгледува групите и им дава дополнителни информации, доколку е потребно. Материјалот се изложува на табла.

Чекор 6

Секоја група ќе ја изложи својата изработка пред одделението и ќе одговори на прашањата.

Чекор 7
Наставникот на табла ќе исцрта табела. Секоја група треба да ги изложи своите одговори на прашањата и да даде аргументи за нив, врз основа на изворите, како би можеле да ја пополнат табелата. Табелата ќе ја пополнат со само еден збор, кој што дава одговор на клучното прашање

Чекор 8
На крајот следи дебата за клучното прашање.

Кој	Кралство СХС	Илегална опозиција	Легална опозиција	Албанија	Меѓународен ангажман на Албанско малцинство
Што?					
Како?					

90 минути

Чекор 9
Домашна задача: изработете домашна задача на тема
1. Зошто државата не ги исполнила барањата на малцинствата? Затоа што малцинствата давале отпор; затоа што Кралството СХС не било во право или...?
2. Предностите од интеграцијата на малцинствата во општествениот и јавен живот.

Албанците, како и неко други народи, биле незадоволни од одлуките на Лондонската конференција. Грција претендирала на поголема територија од јужна Албанија, Србија го барала барем пристаништето Св. Јован (Медовски) или во најдобар случај, територијата се до Драч. Албанците кои во 1913 година останале надвор од Албанија нарочно оние од Косово, не престанувале со барањата за присоединување кон Албанија. Тоа било барање на дел од Албанците од Косово кои и пружале отпор на државата, а друга група пак барала еднаков третман со останатите народи кои живееле во Кралството СХС.
Во меѓувреме, териториите со мнозинско албанско население во Кралството СХС, како Косово, се наоѓале на териториите со најнизок економски развиток. Економската ситуација била таква како поради политичката сутуација, така и поради наследената состојба предизвикана од назадното Отоманско царство. Нискиот земјоделски развој бил карактеристика на овој дел од Кралството СХС. Општествените состојби довеле до неподнослива контрадикција помеѓу положбата на работникот и селанецот кои имале обврски кон владетелите. Главен проблем било нерешеното национално прашање. Во стварноста, централистичката политика на Кралството СХС го продлабочувала проблемот на коегзистирање на народите во Кралството СХС.

Извор **1**

Упредено предиво
Нова година: "Ми се чини, тета Европо, дека ова ти се заплеткало. Ќе ни треба сето време на светот за да го доведеме во ред."

http://archive.org/stream/punchvol144a145lemouoft#page/n53/mode/2up 21.12.12

Извор **2**

Прекината приспивна песна
ЕВРОПА: "Ох, замолчи, дете мое!"
Бебе Албанија: "Како да замолчам додека трае оваа пеколна галама?"
ЕВРОПА: "Па, мораш да правиш исто како и јас за да не ја слушаш."

http://archive.org/stream/punchvol144a145lemouoft#page/90/mode/2up 21.12.12

Извор **3**

Создавање на државата Албанија и нејзиното меѓународно признавање

И покрај интервенцијата на Балканските сојузници, Албанските патриоти кои го понеле најголемиот товар на движењето за ослободување на својата татковина, се состанале во Драч на 28.11.1912 година и прогласиле независна држава Албанија. Народното Собрание ја именувала привремената влада која што оформила Комитет за заштита на албанското прашање пред големите сили. Народното Собрание од Драч им испратоло на големите сили телеграма во која меѓу другото се вели дека "Албанците кои влегоа во семејството на народите на Источна Европа, се горди затоа што се најстар народ, станаа елемент на еднаквоста."

Historia e popullit shqiptar, II (History of Albanians, II) Prishtine, 1968 p. 352

Извор **4**

Исмаил Ќемаили и Иса Болетини

Иса Болетини е албански националист и герилски борец, роден во село Болетин покрај Митровица, кој станал главен лик на отпорот на Албанците против Отоманската империја, Србија и Црна Гора.

Исмаил Ќемаили е водечки лик на албанската Декларација за независност од 28 ноември 1912 година. Бил претседател на Привремената влада на Албанија од 1912 до 1914 година.

Учебник за деветто одделение "Historia 9", Fehmi Rexhepi , p.23, 2011
http://www.nasergashi.com/t4847-foto-historike-isa-boletini 12.04.2013

(1864-1916) *(1844-1919)*

Извор **5**

Одлука на Лондонската конференција на амбасадори, 1913 година

Конференцијата во Лондон или Конференција на амбасадорите, како што често се нарекува во албанската историја, била собир на шест големи сили (Велика Британија, Франција, Германија, Австро-Унгарија, Русија и Италија) за решавање на проблемите на Балканот кои се појавиле како резултат на пропаѓањето на Отоманското царство. Конференцијата започнала со работа на 17 декември 1912 година под водство на британскиот министер за надворешни работи, сер Едвард Греј (1862-1933), по балканските војни и прогласувањето на Албанија во Валона, 28.11.1912 година.
На 30 мај 1913 година постигнат е договор според кој Турција ќе се откаже од сите територии западно од линијата Енос – Мидиа.
Што се однесува до Албанија, амбасадорите иницијално одлучиле државата да биде призната како автономна под суверенитет на султанот. По многу дискусии, меѓутоа, се донела формална одлука Албанија, иако ускратена за готово половина од својата етничка територија (нарочно Косово), сепак да биде суверена држава независна од Отоманското царство. Оваа одлука, договорена на 44-от состанок на кнференцијата на 29.07.1913 година, кратко е формулирана во следните 11 точки и дала основа за меѓународно признавање на албанската независност:

1. Албанија се конституира како автономно, суверено и наследно кнежевство, што е гарантирано од шест сили. Суверенот ќе го одредат овие шест држави.
2. Се исклучува било каков облик на вазалство помеѓу Турција и Албанија
3. Албанија е неутрална држава; нејзината неутралност ја гарантираат шесте сили.
4. Контролата врз цивилната администрација и финансиите на Албанија треба да биде предадена на Меѓународна комисија составена од делегати на шесте сили и еден делегат на Албанија
5. Овластувањата на Комисијата ќе траат 10 години и можат по потреба да се продолжат.

http://www.albanianhistory.net/texts20_1/AH1913_2.html 28/05/2013

Извор **6**

Големите сили и го доделиле на Србија просторот на Косово, населен со албанци, а голем дел на Јужна Чемерија и го доделиле на Грција. Грубо кажано, половина од претежно албанската територија и 40% од населението останале надвор од границите на новосоздадената држава.

Historical overview page.675 Janusz Bugajski; Political Parties of Eastern Europe: A Guide to Politics in the Post-Communist Era 12.04.2013

Извор **7**

Опции за границите на Албанија

Што албанците сакале да добиат

Предлог на балканските држави

Границите одредени со Лондонската конференција

Учебник "Historia 8", Fehmi Rexhepi & Frasher Demaj, p.133, 2011

Извор **8**

Мислењето на Едвард Греј за одлуките на Лондонската конференција

Едвард Греј бил единствениот меѓу министрите за надворешни работи на Лондонската конференција кој бил свесен за неправдата сторена со одредување на границите на Албанија. Во резимето на неговите изјави во 1913 година (E. Grey, Speeches on Foreign Affairs, London 1913), стои и следното: "Јас сум свесен – вели Греј – дека кога резултатите ќе бидат познати, ова решение за границите, во многу од своите одредници, ќе му даде многу причини на било кој што ќе просудува за овој случај од проста локална перспектива (...)".

Pavaresia Shqiptare dhe Diplomacia e Fuqive te Medha 1912-1914", Arben Puto, p.24, Tirane 2012

Извор **9**

Создавање на Кралството СХС 1918 година

Со создавањето на Кралството СХС на 1 декември 1918 ггодина и Косово станува дел на ова кралство. На муслиманското малцинство не му се дадени неговите права. Ова било причина за тие во 1919 година да се организираат во политичка партија. Оваа партија издавала и своја публикација. Помеѓу двете светски војни Косово било најсиромашната и најнеразвиена област во кралството.

B. Koro, tarih 9, Prishtina 2008, p. 57-59

Source **10**

"Идеалната" цел на Албанците на Косово

"Без силна и слободна Албанија, секоја активност за Косово и други територии е залудна".
1019 – 1924
"Народната Одбрана на Косово (Komiteti Mbrojtja Komëtare e Kosovës – MKK)" 1918–1924.

Група 1
Став (позиција) на Кралството СХС

1. Каков е ставот на Владата (државата) кон албанското малцинство?
2. Дали тоа значи дека законот бил ист кон сите граѓани? Објасни!

Извор **1**

Извештај на претседателот на Делегацијата на Мировната конференција до претседателот на Владата во Белград – за проблемот на Албанија

Париз, 5 декември 1919 година
До претседателот на Министерскиот совет. Лично и строго доверливо,
Решавањето на Албанското прашањето се доближува кон крајот. Тоа е тесно поврзано со решавањето на Јадранското прашање. А Јадранското прашање сега повторно е на ред и се бара решение со кое би се согласил Вилсон, т.е. Американската влада и Италија. Нашите сојузници, т.е. Французи и Англичани, навистина, водат сметка за нашите барања, но сметаат дека ќе можеме да се согласиме со она решение со кое ќе се согласи и Вилсон. Албанското прашање се врзува за јадранското пред се поради тоа што е во природна врска со него, а второ, бидејќи се смета за предмет на компензација. Според Лондонскиот пакт, по кој на Италија и се отстапува Валона и и се дава некој протекторат на Средна Албанија, а Северна Албанија е наменета за Србија и Црна Гора. Ние не ја бараме Северна Албанија за себе, туку бараме на тие племиња да им се даде право на самоопределување, тие самите да одлучат дали сакаат да се приклучат кон средната муслиманска Албанија, која доаѓа под протекторат на италија или пак сакаат да создадат посебна државичка, како некоја "тампон државичка", или пак да се придружат како автономна државичка кон нашата држава. Во секој случај, ние претендираме на граница, опште Дрим и Црн Дрим, со споменатата ставка.

Branko Petranović, Momčilo Zečević: JUGOSLAVIJA 1918-1988. TEMATSKA ZBIRKA DOKUMENATA

Извор **2**

Договор за заштита на малцинствата

На 5 декември 1921 година, Кралсвото СХС потпишало договор за заштита на малцинствата. Договорот е составен за да обезбеди: "Полна безбедност на животот и слободата на граѓаните на кралството, без разлика на националната, јазична, расна или верска припадност."

Noel Malcolm," Kosovo: A short history" p. 345. 2011

Извор **3**

"(...) Законот за националности на Кралството СХС од 1928 година не го потврдувал тогашниот национален статус, но јасно вели дека тој статус е формиран по прв пат: Албанците кои живееле на Косово, од средината на 1913 година до конституирањето на Југославија 1918 година, беа познати како (параграф 4, член 55) "не-Словени кои станале граѓани на кралството во склад со параграфот 2 од остиот член."

Pop-Kosic, "Etude juridique(LEGAL STUDY)", p 105-15

Извор **4**

Државата на Србите, Хрватите и Словенците ги усвојува сите прописи внесени во еден договор со главните сојузнички сили, кои тие сили ќе сметаат дека се потребни поради заштита на интересите на оние жители кои од мнозинското население се разликуваат според расата, јазикот и верата (...) Државата СХС се обврзува на сите жители да им даде полна и потполна заштита на животот и слободата без обзир на потеклото, националноста, јазикот, расата или верата.

Balkanski ugovorni odnosi, 1876 – 1996, 1, Beograd, 1998, 41-51

Извор **5**

Уставно регулирање на положбата и правата на малцинствата (Устав од 1921 година)

Уживањето на граѓанските и политички права е независно од вероисповедта. Никој не може да се ослободи од своите граѓански и воени должности повикувајќи се на правила и прописи на својата вера (Член 12, став 1 и 2).

Устав од 1921

Извор **6**

Министерот за надворешни работи, Марковиќ, за позицијата на Кралството СХС по прашањето на малцинствата

"(...) За нашите јужни подрачја кои се приклучени кон нашата држава пред јануари 1919 година, нашиот став е дека таму нема малцинства. Овој став е конечна збор по прашањето на признавање на малцинствата во јужна Србија."
"(...) петициите и жалбите кои ги упатија до Друштвото на народите не треба да се зема за разгледување (...) бидејќи, според Марковиќ, овие "срамотни" барања го навредуваат дигнитетот на државата (...)."

N. Malcolm, "Kosovo: A short history" Pristine 1997, p. 346, Central Albanian Archive of the Albanian Republic: The Fund of the Foreign Affairs Ministry of the Albania (doc.194; no. 489; p. 252)

Група 2
Илегална опозиција

1. Како биле организирани луѓето кои се чувствувале нееднакви во државата во која живееле?
2. Што ги натерало одредени групи да и се спротивстават на државата со оружје?

Извор **1**

Различни пристапи кон решавањето на прашањето на Албанското малцинство

Хоџе Кадри Приштина (1878–1925)
Водач на МКК
Водачот на "Независна Албанија" ја исклучува можноста од било каков протекторат, а "спасот на Косово" го гледа во во политички средства, дури и делумни.

Ceshtje nga historia moderne dhe bashkekohore shqiptare", Emine Arifi – Bakalli, p. 46, Pristine, 2011

Хасан Приштина (1878–1933)
"Останувам непријател на Кралството СХС се додека државата не започне правилно да ги третира албанците на Косово и во Македонија."

(Neuss Wiener, Tagblatt, 7.4.1927; Ajet Haxhiu, "Hasan Prishtina, The Kosovos' Patriotic Movement", Tirana 1968, p 167

Извор **2**

Статија од весникот Политика

Емиграција, пресметки или атентат нарачан од Албанија
Хасан-брг Приштина, бивш претседател на албанската влада, убиен е во Солун. Атентаторот Хисеин Секо, исто така албански емигрант, тврди дека пукал на Приштина затоа што овој го наговорал да го убие кралот Зогу I.
Солун, 15 август
Вчера попладне во 2:15 на раскрсницата на улиците Цимински и Богацину пред бакалската работилница Иви, со пет куршуми од револвер убиен е познатиот албански политичар во емиграција Хасан-бег Приштина, бивш пртседател на Албанската влада и водач на емиграцијата. Убиен е од албанецот Ибрахим Хусеин Секо, исто така емигрант, со кој Приштина живеел во пријателство. Убиството е извршено од политички побуди.


ПОЛИТИКА

ЕМИГРАНТСКО РАЗРАЧУНАВАЊЕ ИЛИ АТЕНТАТ ПОРУЧЕН ИЗ АЛБАНИЈЕ?

Хасан-бег Приштина, бивши претседник албанске владе, убијен у Солуну

Атентатор Хусеин Шеко, такође албански емигрант, тврди да је пуцао на Приштину зато што га је овај наговарао да убије Краља Зогу I

ПОЛИТИКА

Албански агенти покушавају Југославију да оптуже за убиство Хасан-бега Приштине

У томе им помаже један дио солунске штампе

Албанските агенти се обидуваат да ја обвинат Југославија за убиството на Хасан-бег Приштина. Во тоа им помага и еден дел од солунскиот печат.

Солун, 18 август
Афората со атентатот на водачот на албанската емиграција Хасан-бег Приштина започна да се комплицира. Причина за ова е тајновитоста во која се води истрагата, така да сеуште не се знае до какви резултати е дојдено.
Потполно неочекувано, и тоа во момент кога на сите им е јасно чие дело е атентатот, во еден дел од солунскиот печат се споменува и Југославија, со цел таа да се вмеша во оваа афера и обвини како главен инспиратор и организатор на атентатот. Како основа за ова тврдење се наведува Косовскиот комитет кој Приштина во свое време го оспорувал, а кој сега и не постои, како и божемното влијание кое Приштина го има врз албанското население на Косово. Така оваа афера, која претставува чиста меѓусебна борба помеѓу емигрантите и постојниот режим во Албанија, се сака да се префрли на Југославија и таа да се обвини како главен виновник.

Група 2
Илегална опозиција

1. Како биле организирани луѓето кои се чувствувале нееднакви во државата во која живееле?
2. Што ги натерало одредени групи да и се спротивстават на државата со оружје?

Извор **3**

Азем Бејта, водач на “Качачкото движење” и Шота Галица, неговата сопруга

L K (1912 1924)
. , ,
. ,
.
.
( ) , ,
- .
.
.
1924 , .

МКК исто така го подржувал Качачкото движење во Косово (1912 – 1924).
За властите на Кралството СХС, како и за претставниците на Големите сили, Качаците биле “бандити”, а Бајрам Сури и Хасан Приштина, се нарекувани “водачи на бандити”.

Z.Avramovski, Britanci u Kraljevini SKS” f. 85;

Во својата желба да го контролира Качачкото движење, МКК во 1919 година донел правила за нив:

1. Никој од Качачкото движење не смее да повреди српски граѓанин, освен ако овој не употребил оружје против Албанец.
2. Никој од Качаците не смее да пали куќи и цркви.

И покрај тоа, многу албански војници и ханџари кои соработувале со српските власти и словенските колонисти, биле убиени од страна на качаците.

Ceshtje nga historia moderne dhe bashkekohore shqiptare”, Emine Bakalli-Afrifi p. 55, Prishtine, 2011

Азем Бејта (1889–1924) Шота Галица (1895 – 1927) ,

Извор **4**

Албанска реакција до Друштвото на народите

Бедри Пејани, активен член на МКК, рекол: “Договорот за заштита на малцинства, кој Кралството СХС го потпишало во 1921 година, бил серум за успивање од болката кај малцинствата, додека тие остануваат казнети од страна на високата дипломатија.”

Hakif Bajrami, "Bedri Pejani", Pristina 1994 p. 159;

Група 3
Легална опозиција

1. Како легалната опозиција ги користела институционалните патишта за постигнување на своите цели?
2. Дали било возможно постигнување на политички цели во институциите? Образложи го својот одговор!

Извор **1**

Муслиманска албанска партија "Џемијети"

Легалната партија, формирана за да ги претставува интересите на Албанците на Косово и од Македонија, основана е на конференција во Скопје, декември 1919 година. Била позната како "Џемијети" или заедница, а нејзиното полно име било "Islam Muhafaza-yl Hukuk Cemijeti" (Исламска асоцијација за заштита и правда). Во почетокот планирале и унија со босанската исламска политичка партија, Југословенската муслиманска организација, основана во Сараево 1919 година, но пријателството меѓу муслиманите Словени и Албанци не било едноставно, иако Косовари, Македонци и Босанци на конференцијата во Скопје се договориле околу политичките барања: полна верска автономија, зачувување на џамиите и нивните имоти, "слободна употреба на народниот јазик на сета несрпска популација", како и за заштита на беговските имоти од аграрна реформа.

Rrethanat shoqerore dhe politike Kosove 1918-1941",H. Bajrami., Prishtine 1981, fq. 182,

Извор **2**

"Џемијет" Албанската муслиманска партија во Парламентот на Кралството СХС

На парламентарните избори во 1920 година, Џемијет освојува 8 мандати, а во 1923 година, 14 мандати. Некои од пратениците, како Ферат Драга, биле силно против анти-албанскиот режим, го отфрл-але преселувањето на албан-ците, аграрната експлоатација и колонизација, а барале и автономија за Косово, отворање на училишта на мајчин јазик, културен развиток итн.

Албанска енциклопедија 3, стр. 2951, Тирана

Извор **3**

Весник на партијата "Џемијети"

"Од 1920 година "Џемијет" печател весник под наслов "Хак" (правда, право, вистина). Имајќи во предвид дека во тоа време не било дозволено образование на албански јазик, весниците се печатени на турски јазик, со арапско и ќирилско писмо. И покрај ограничувањата, овие весници биле прозорец кон светот на информациите. И покрај својот успех, весникот престанал да излегува со одлука на режимот на Караѓорѓевиќ. Печатењето било забрането со воведувањето на диктатура во 1929 година.

Извор **4**

Рама Блаца, пратеник во Парламентот на Кралството СХС

Во време на владата на Никола Пашиќ 1921 година, тој бил пратеник во Парламентот од својата регија. Негова лична цел била да не дозволи префрлање (преселување) на Албанци од Косово. Куќата која ја подигнал Рама Блаца.

Според зборовите на соседите, како и според историските податоци, овој објект е подигнат околу 1937 година. Целта на оваа куќа била да им покаже на албанците дека тој нема намера да оди од таму и дека својата иднина ја планира на Косово, па останатите можат да го следат неговиот пример. Иако иницијатор на градбата, Рама Блаца не доживеал да го види конечниот резултат, бидејќи загинал во борба на 27 август 1937 година.

Група 4
Албанија

1. Каков бил ставот на Албанија кон албанското малцинство во Кралството СХС?
2. Дали албанската држава можела да им помогне на своите сонародници кои живат во соседна држава? Образложи го својот одговор!

Извор **1**

Барањата на Албанија на Мировната конференција во Париз

Барањата на Владата на Албанија испратени до Мировната конференција во Париз 1919 година

1. Албанската држава се состоела од три целосни вилаети: Косово, Скадар, Јанина и дел од Битолскиот вилает
2. Меморандумот од февруари 1919 година, со барање за суверена и независна држава
3. Подрачја надвор од територијата на Албанија 1913 година, каде што живеат Албанци, да бидат под протекторат на САД на една или две години, а по тоа овие Албанци да имаат можност со плебисцит да изберат каде ќе живеат (втор меморандум од март 1919 година).



Извор **2**

Државна "реална политика" на Албанија

Официјалниот став на Албанија по прашањето на национализмот на малцинствата во Кралството СХС, Албанската реална политика"(...) иредентизам (...) овој товар е кршлив уште од формирањето. Албанија не може да го носи. Решавањето на националното прашање ќе биде одредено со општата ситуација на глобален план и не во скора иднина (...) Иредентизмот е луксуз кој Албанија не може да си го дозволи (...)"

Rregullorja e brendshme dhe detyrat të 1921 të Komitetit MKK), Ana Lalaj, "Problemet e Kosovës në Parlamentin Shqiptarë 1920-1924"

Извор **3**

Официјалниот став на Албанија кон националните малцинства во Кралството СХС

Во 1920 година, брод со оружје пристигна во Цв. Јован. Ахмет Зогу, министер за внатрешни работи, не дозволи истоварување на оружјето. Тврдеше дека албанската офанзива против Југославија само би довела до отворен судир и дека Албанија не е во состојба да се справи со таквата ситуација.

.http://gazeta-shqip.com/lajme/2012/10/13/zija-dibra-te-fshehtat-e-nje-vrasjeje/ 10.11.2012

Иако официјална Албанија, на чело со Ахмет Зогу, основачот на реалната политика, била сосема внимателна во постапките и изјавите поврзани со националното прашање, во овој случај Југославија ја обвинила пропагандата и одлучноста на офоцилијална Албанија.

Ceshtje nga historia moderne dhe bashkekohore shqiptare", Emine Bakalli-Afrifi p. 56, Prishtine, 2011

"(...) па сепак, Зогу беше заколнат непријател на револтираните албански иредентисти. Тој, во отсаство, го осуди Азем Б. Галица на смрт, а кон крајот на 1923 година испрати албанска војска во "Неутралната зона Јуник" протерувајќи ги сите Качаци со разни албанско-југословенски пароли, како би го опструирал нивното враќање на тие подрачја (...)"

Bernd Jürgen Fischer, "King Zog" стр. 70-5, 1984

Група 5
Постапки на
албанците од Косово

1. Каков пат одбрале припадниците на албанското малцинство на Косово во меѓународниот ангажман за остварување на своите цели?
2. Кои биле нивните политички цели?

"Поради промовирање на меѓународната соработка и постигнување на меѓународен мир и сигурност, со прифаќањето на обврските за непосегање кон воени опции, со пропишување на отворени, правични и чесни односи помеѓу народите, цврсто разбирање на меѓународното право како вистинско правило на однесување помеѓу владите, одржување на правдата и строгото почитување на договорените обврски во интеракција помеѓу народите, ја прифаќаат оваа повелба на Друштвото на народите."

LEAGUE OF NATIONS
SOCIETE DES NATIONS

Отворена седница на Друштвото на народите, Женева, 15.11.1920

http://www.un.org/cyberschoolbus/unintro/unintro3.htm

Извор **1**

Ѓон Бисаку, Штјефен Курти и Луѓ Гаши: Положбата на албанското малцинство во Југославија, Меморандум доставен до Друштвото на народите 1930 година

До Неговата Екселенција, господинот Ерик Драмонд
Генерален секретар на Друштвото на народитте, Женева

Ваша Екселенцијо, г-дине Генерален секретаре, ние не сме првите пратеници на Албанците кои живеат во Кралството Југославија, кои се обратиле до Друштвото на народите по прашањето на жалосната состојба на ова малцинство до која што го довела српската власт, а секако нема да бидеме и последни кои протестираат пред оваа висока институција на меѓународното право, освен доколку се променат политичкиот курс и постапките на властите во Белград кон своите албански поданици.
Тој политички курс, кој е веќе преполн со инциденти и несреќи, може да се сумира во ена фаза: да се измени етничката структурата на подрачјата населени со Албанци по секоја цена. Стратегијата за постигнување на оваа цел е следната:
а) разни облици на прогон како би се присилило населението да емигрира;
б) користење на насилство при денационализацијата на беспомошното население;
в) присилно протерување или убивање на сите кои одбиваат да ја напуштат земјата или мирно да ја препуштат на посрбување
Ние само сакаме да му го обзнаниме на Друштвото на народите и цивилизираниот свет патењето на нашите браќа кои живеат угнетени во Југославија.

Дом Ѓон Бисаку од Призрен, свештеник во парохијата во село Беч, дистрикт Ѓаковица. Дом Штјефен Курти од Призрен, свештеник во парохијата Ново Село, дистрикт Ѓаковица, Дом Луиѓ Гаши од Скопје, свештеник во парохијата Смаќ, дистрикт Ѓаковица Овие тројца свештеници работеле на Косово во 1920-тите во име на "Sacred Congregation of the Propaganda Fide" од Рим. Нивниот очајнички апел покажува дека ситуацијата кај Албанците на Косово не се подобрила многу од 1913 година.

Texts and Documents of Albanian History, Robert Elsie
http://www.albanianhistory.net/texts20_2/AH1930.html (10.11.2012
)

1. а пат одбрале припадниците на албанското малцинство на Косово во меѓународниот ангажман за остварување на своите цели?
2. Кои биле нивните политички цели?

Извор **2**

Листа на додатна документација

Во следните додатоци се обидуваме да ја докажеме со прецизни факти вистинитоста на тврдењата кои имавме чест да ги внесеме во овој Меморандум. Споменатите случувања се дадени како пример и одбрани се по случаен избор од мноштвото слични случаи. За да бидеме што појасни, дадовме референца на одредбата од Договорот за заштита на малцинствата, чиј потписник е и Кралството Југославија, и обезбедивме факти кои ќе покажат дека одредбите на овој договор не биле применети кон албанското малцинство.
Фактите говорат сами за себе. Нивната автентичност не може да се одрекне, дури и со сознанието дека службената истрага не може да се спроведе.

Додаток 5

Употреба на народниот јазик
"Нема да има ограничувања на употребата на народниот (националниот) јазик на полето на религијата, печатот илли било кој вид на публикација." (член 7)

Ограничувањата за Албанците во Југославија продолжуваат
Ситуацијата е иста за половината од албанскиот народ кој живее под туѓинска власт. Неколку примери ќе бидат доволни за илустирање на вистинитоста на ова тврдење.
а) Не постојат весници, часописи или други публикации на албански јазик за 800.000 Албанци во Југославија. Владата во Белград може да тврди дека не е забранета интелектуалната активност, но оние кои го спроведуваат законот, полицијата и другите службеници, прават се тоа да го оневозможат. Доколку Албанец би поднел барање за одобрување на весник на албански јазик, тој, секако, не би бил казнет поради тоа, но веднаш би бил гонет од страна на полицијата и жандармите по сите можни обвиненија, а во многу случаи и фрлен во затвор или би му била одземен сиот имот.
б) На еден од долу потпишаните, Дом Штјефен Куртију, доскорашен свештеник во парохијата Ново Село, дистрикт Ѓаковица, од страна на директорот на Српското училиште, Радован Милутиновиќ, му било забрането да го користи албанскиот јазик при подучувањето на селските деца катехидис.
в) Кога албанските деца од селото Скивјане, дистрикт ѓаковица, донеле албански буквари во српско училиште во кое што оделе, директорот, Србин, г-дин Зониќ, веднаш ги конфискувал книгите и ги казнил децата затоа што "се осудиле да учат јазик кој не е државен."

Texts and Documents of Albanian History, Robert Elsie
http://www.albanianhistory.net/texts20_2/AH1930.html

Извор **3**

Барања на косовските Албанци до Друштвото на народите

Во петицијата на Комитетот "Национална одбрана на Косово" МКК до Друштвото на народите: "Уставот на Кралството СХС е мртва буква на хартија (...)"
Барале формирање на неутрална комисија на Друштвото на народите, која би ја утврдила ситуацијата на теренот (...) да и обезбеди на оваа потисната популација почитување на малцинските права (...).

L.Culaj, Komiteti Mbrojtja Komëtare e Kosovës 1918-1924, Prishtinë 1997,f.68